Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-7999/4
08.10.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Министерство за финансии**
**Скопје**

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Сто и осумнаесеттата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 октомври 2025 година**

ТОЧКА 12: Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да го воспостават/подобрат процесот на управување со ризици преку документирање на клучните ризици во регистар на ризици вклучително и различните форми на ризици од корупција, со утврдени мерки за нивно намалување и за истото, со доставување на целокупната документација за управување со ризици, да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 15.10.2025 година.

2. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да утврдат воспоставување на задолжителна работна задача и обврска поврзана со процесот на управување со ризици во актите за систематизација на работните места при следното носење на нови акти за систематизација, за категоријата на Раководни административни службеници и да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 31.12.2026 година.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за култура и туризам, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за јавна администрација и Министерството за спорт, до 30.4.2026 година да ги екипираат единиците за внатрешна ревизија со најмалку двајца вработени од кои минимум еден на работно место со звање советник преку спроведување на постапка за вработување, мобилност, распоредување или превземање.

4. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, чиишто единици за внатрешна ревизија не се екипирани со минималниот број на вработени лица, согласно законски утврдените критериуми, до 30.9.2026 година, да преземат мерки за екипирање на единиците за внатрешна ревизија, согласно утврдените законски критериуми.

5. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, коишто се вклучени во приоритетните области од Реформската агенда од


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 07.10.2025 18:37 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=160a6dc9-e14e-4b54-b5e7-7f1ab2f7f0c8&docSharePointURL=/materijali/2025/638899181420260579/Documents/zaklucok_template_content.docx&materialId=6e7df874-ffe1-4808-b7ea-74991b247c07** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан донесен од страна на Европската Унија, во континуитет да обезбедуваат спроведување на внатрешна ревизија на чекорите/активностите/процесите од Реформската агенда кои што се во нивна надлежност. Воедно, по барање на Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, задолжително да достават известување за спроведените ревизии.

6. Се задолжуваат сите јавни субјекти од Регистарот на јавни субјекти на Република Северна Македонија, објавен на веб страната на Министерството за финансии, коишто имаат вработено внатрешни ревизори, да обезбедат достапност на истите, согласно потребите од страна на Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, да бидат ангажирани во ад хок ревизии, за спроведување на внатрешна ревизија на приоритетните области од Реформската агенда од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан донесен од страна на Европската Унија.

7. Се задолжуваат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, да ја извести Владата со ,,Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2025 година" за реализација на заклучоците од ,,Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година".

Доставено до:
- сите буџетски корисници
-ЗЕЛС

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.10.08 09:15:10 +02:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 07.10.2025
Проверил: Никола Пасков, 07.10.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 07.10.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 07.10.2025


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 07.10.2025 18:37 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=160a6dc9-e14e-4b54-b5e7-7f1ab2f7f0c8&docSharePointURL=/materijali/2025/638899181420260579/Documents/zaklucok_template_content.docx&materialId=6e7df874-ffe1-4808-b7ea-74991b247c07** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*